ИЗВЕШТАЈ ОД ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛИ НА ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ЗА ПЕРИОД 01.01.2023 до 31.12.2023 година



Резиме

Финансиските контролори како дел од одделението за буџетска и финансиска контрола, Сектор за финансиски прашања, во рамки на Фондот за здравствено осигурување на РСМ во текот на 2023 година изврши вкупно 24 целосни финансиски контроли на јавните здравствени установи, согласно годишниот план за финансиски контроли и 40 наменски контроли.

Од контролите констатиран е зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, увид во сметководствената евиденција, контрола на начинот на пресметка и исплата на плата согласно Колективниот договор за здравстена дејност, спроведување на постапките за јавните набавки, фактурирање на здравствените услуги, благајничко работење итн.

За констатираните состојби во ЈЗУ, финансиската контрола даде препораки со цел да се надминат во наредниот период.

I. Вовед

Финансиската контрола во јавните здравствени установи (во понатамошниот текст: ЈЗУ) се спроведува во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен весник на РМ бр.90/2009), во согласност со членот 68 став 2 и член 71 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, како и согласно одредбите од договорите за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко - консултативна и болничка здравствена заштита склучени помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Фондот) и ЈЗУ.

II. Цел на финансиската контрола



Финансиската контрола, како задолжителен сегмент од јавната финансиска контрола врши финансиска и буџетска контрола во јавните здравствени установи. Целта на контролата е проверка на точноста на сите документи кои се однесуваат на финансиските активности, како и создавањето на побарувањата, приходите, обврските и расходите и да ја оцени нивната усогласеност со законите, подзаконските и интерните акти, одлуки и договори, пред и по нивно извршување. На овој начин се контролира економичноста во работењето и наменското трошење на средствата на ЈЗУ.

Контролата обезбедува проток на информации од Фондот кон ЈЗУ и обратно. Со контролите се постигнува и едукативна функција со која ЈЗУ се стекнуваат со сознанија за корекција на неправилностите во делот на финансиските активности.

III. Одделение за буџетска и финансиска контрола



Координацијата во процесот на финансиска контрола на ЈЗУ ја врши Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамките на Сектор за финансиски прашања при Фондот. Контролата во 2023 година, ја спроведуваат 12 овластени финансиски контролори, дипломирани економисти, распоредени во централната и подрачните служби (во понатамошниот текст ПС) на Фондот и тоа:

Организациона единица	број на контролори
Централна служба	2
Скопје	3
Тетово	2
Гостивар	1
Охрид	1
Велес	1
Куманово	1
Берово	1
Вкупно контролори	**12**

IV. Видови финансиска контроли

Финансиските контроли се делат на:

- редовни контроли кои се реализираат согласно годишен план за финансиска контрола и
- контролите со посебна намена, односно вонредните контроли кои се извршуваат по барање на менаџерскиот тим или од Директорот на Сектор за финансиски прашања на Фондот.

Планот на финансиски контроли во 2023 година предвидуваше 30 целосни финансиски контроли. Во текот на 2023 година, согласно усвоениот годишен план за финансиски контроли од страна на финансиските контролори беа извршени 24 редовни финансиски контроли. Во истиот период, финансиските контролори спроведоа и 40 наменски контроли. Вкупниот број на извршени финансиски контроли во 2023 година изнесува 64 контроли.

Поради зголемениот обем на наменски контроли и намалувањето на бројот на финансиските контролори, од планот за редовни финансиски контроли не беа реализирани 6 финансиски контроли. Истите се предвидени во планот за 2024 година.

Реализираните контроли по видови се презентирани во следнава табела:

Ред. бр.	Вид на контрола	број на извршени контроли
1	**Контроли предвидени согласно Годишен план за финансиски контроли**	**30**
1.1	*Целосни финансиски контроли на ЈЗУ*	*24*
2	**Наменски контроли**	**40**
2.1	*Предмет на контрола - контрола по анонимна преставка за неправилности во работењето во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци*	*1*
2.2	*Предмет на контрола - по барање на Државна комисија за спречување на корупција, а по барање на група вработени и пациенти во ЈЗУ Општа болница - Охрид*	*1*
2.3	*Предмет на контрола - исплатени средства за извршени операции од дополнителна дејност во ЈЗУ ГОБ 8-ми Септември - Скопје*	*1*
2.4	*Предмет на контрола - долгови и побарувања за 2022 година и до 31.05.2023 година во ЈЗУ УИ за клиничка биохемија - Скопје*	*1*
2.5	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје*	*1*
2.6	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за очни болести - Скопје*	*1*
2.7	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за гастроентерохепатологија - Скопје*	*1*
2.8	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за хематологија - Скопје*	*1*

2.9	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за ревталогија - Скопје (март - прва контрола)*	*1*
2.10	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за ревталогија - Скопје (март - втора контрола)*	*1*
2.11	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за ревталогија - Скопје (април)*	*1*
2.12	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за неврологија - Скопје*	*1*
2.13	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет во 2023 година во ЈЗУ УК за детски болести - Скопје*	*1*
2.14	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за психијатрија - Скопје*	*1*
2.15	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за уво, нос и грло - Скопје*	*1*
2.16	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за максилофацијална хирургија - Скопје*	*1*
2.17	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на лекови од условен буџет во ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје*	*1*
2.18	*Предмет на контрола - вонредна контрола на извршувањето на планирани здравствени услуги, определени по планот за специфицен вид и обем (условен буџет) во ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје*	*1*
2.19	*Предмет на контрола - контрола на извршени кардиохируршки услуги и фактури од почетокот на годината со вклучени извршени услуги во месеците јуни-јули-август 2023 година во ЈЗУ УК за кардиологија - Скопје*	*1*
2.20	*Предмет на контрола - вонредна контрола на извршувањето на планирани здравствени услуги, определени по планот за специфицен вид и обем (условен буџет) во ЈЗУ УК за детски болести - Скопје*	*1*
2.21	*Предмет на контрола - вонредна контрола на условен буџет и материјална евиденција за прием на лекови од условниот буџет врз основа на изадена Согласност од Фондот за период од 01.01.2023 год. до 31.10.2023 година во ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје*	*1*
2.22	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за пулмологија и алергологија - Скопје*	*1*
2.23	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје*	*1*
2.24	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за очни болести - Скопје*	*1*
2.25	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за дерматологија - Скопје*	*1*
2.26	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ Здравствен дом - Скопје*	*1*
2.27	*Предмет на контрола - вонредна контрола на условен надоместок за 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 година во ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје*	*1*
2.28	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола за условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за државна кардиохирургија - Скопје*	*1*

2.29	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола за условен буџет по Одлука на УО на ФЗОРСМ со број 02-12382/8 од 21.06.2023 година во ЈЗУ ГОБ 8 - ми Септември - Скопје*	*1*
2.30	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за уво, нос и грло - Скопје*	*1*
2.31	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за урологија - Скопје*	*1*
2.32	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за токсикологија - Скопје*	*1*
2.33	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања - Скопје*	*1*
2.34	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје*	*1*
2.35	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за нефрологија - Скопје*	*1*
2.36	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за гастроентерохепатологија - Скопје*	*1*
2.37	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 години и контрола на фактурите од склучените договори за јавни набавки, исполнување на обврските кои произлегуваат од договорите, цените во фактури дали се во согласност со склучените договори, роковите на доспевање на фактуритево ЈЗУ Клиничка болница - Тетово*	*1*
2.38	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за психијатрија - Скопје*	*1*
2.39	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за очни болести - Скопје*	*1*
2.40	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за неврологија - Скопје*	*1*
	Вкупно финансиски контроли	**64**

Споредбено со 2022 година, бројот на реализирани контроли по видови, во истиот период во 2023 година е прикажано во следната табела:

Ред. бр.	Вид на контрола	број на извршени финансиски контроли во 2022 г.	број на извршени финансиски контроли во 2023 г.
1.	Контроли согласно годишен план за целосни финансиски контроли	24	24
2.	Наменски контроли	74	40
	Вкупно финансиски контроли	***98***	***64***

V. Реализација по видови на контроли

1. Целосна финансиска контрола

Целосната финансиска контрола има за цел контрола и анализа на финансиското работење на ЈЗУ.
Таа подразбира контрола на:

- постапки за јавни набавки и усогласеност на договорите со понудите од економските оператори како и начинот на фактурирање и плаќање на обврските по основ на договорите од јавни набавки
- сметководствена евиденција
- контрола на состојбата на побарувања, обврски и долгови
- контрола на состојбата на парични средства во благајна и на сметка
- наплата на сопствени приходи и партиципација
- остварување на приходи по програми на Министерство за здравство
- ниво на залихи на медицински материјал и лекови
- вработени и привремено ангажирани лица во ЈЗУ
- начин на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ

Во рамките на извршените 24 контроли, во текот на 2023 година, контролирани се:

Вид на ЈЗУ	број на контролирани ЈЗУ во 2023 г.
Универзитетски клиники и универзитетски институти	**7**
Клинички, општи болници и специјални болници	**6**
Здравствени домови и поликлиники	**9**
Институти, заводи и центри за јавно здравје	**2**
Вкупно:	**24**

Од вкупно контролирани 24 (дваесет и четири) ЈЗУ утврдено е дека на 31.12.2022 година во 4 (четири) ЈЗУ нема долгови. Кај 7 (седум) ЈЗУ долговите на 31.12.2022 година, споредбено со 31.12.2021 година се зголемиле, а кај 12 (дванаесет) ЈЗУ во истиот период долговите се намалиле. Додека при финансиската контрола во УК за психијатрија – Скопје, податоци за долгови не и беа дадени на контролата.

- *зголемување на долговите на 31.12.2022 година, споредбено со 31.12.2021 година е евидентирано кај следниве ЈЗУ:*
  - Здравствен дом - Ресен
  - УК за урологија - Скопје
  - УК за државна кардиохирургија - Скопје
  - УИ за радиологија - Скопје
  - Општа болница - Струга
  - Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо“ - Охрид

- Здравствен дом - Пробиштип

- *намалување на долговите на 31.12.2022 година споредбено со 31.12.2021 година е евидентирано кај следниве ЈЗУ:*
  - УК за физикална медицина и рехабилитација - Скопје
  - УК за максилофацијална хирургија - Скопје
  - Здравствен дом - Гостивар
  - Здравствен дом - Крива Паланка
  - Здравствен дом - Струга
  - УК за нефрологија - Скопје
  - Клиничка болница - Тетово
  - Институт за јавно здравје - Скопје
  - Општа болница - Струмица
  - Општа болница - Охрид
  - Општа болница со проширена дејност - Дебар
  - Центар за јавно здравје - Скопје

- *евидентирано е дека на 31.12.2022 година нема долгови кај следниве ЈЗУ:*
  - Здравствен дом - Делчево
  - Здравствен дом - Демир Хисар
  - Здравствен дом - Штип
  - Здравствен дом - Велес

Напомена: При финансиската контрола во УК за психијатрија - Скопје, податоци за долгови не и беа дадени на контролата, ЈЗУ нема воведен софтвер за разграничување на обврските и долговите.

Во текот на 2022 година, 12 (дванаесет) ЈЗУ реализирале над 90% од вкупно искажаните извршени здравствени услуги по Програми од МЗ, 5 (пет) ЈЗУ реализирала износ над 80%, 2 (две) над 60%, 1 (една) ЈЗУ реализирала над 50% од побарувања од МЗ и 4 (четири) ЈЗУ под 50%.

- *над 90 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - УК за физикална медицина и рехабилитација - Скопје
  - УК за максилофацијална хирургија - Скопје
  - Здравствен дом - Струга
  - УК за урологија - Скопје
  - УК за државна кардиохирургија - Скопје
  - УК за нефрологија - Скопје
  - Институт за јавно здравје - Скопје
  - Општа болница - Струга
  - Општа болница - Струмица
  - Општа болница - Охрид
  - Општа болница со проширена дејност - Дебар
  - Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо“ - Охрид

- *над 80 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - Здравствен дом - Гостивар
  - УИ за радиологија - Скопје
  - УК за психијатрија - Скопје
  - Клиничка болница - Тетово
  - Центар за јавно здравје - Скопје

- *над 60 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - Здравствен дом - Делчево
  - Здравствен дом - Ресен

- *над 50 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - Здравствен дом - Демир Хисар

- *под 50 % реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - Здравствен дом - Крива Паланка
  - Здравствен дом - Штип
  - Здравствен дом - Велес
  - Здравствен дом - Пробиштип

Во во 11 (единаесет) од контролираните 24 (дваесет и четири) ЈЗУ, степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2022 година се движи над 90%, во 4 (четири) ЈЗУ над 80%, во 1 (една) ЈЗУ е над 70%, во 3 (три) ЈЗУ е над 60%, кај 3 (три) ЈЗУ е над 50% и кај 1 (една) ЈЗУ под 50%. Во 1 (една) ЈЗУ, нема ваков податок во извештајот од финансиската контрола.

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2022 година над 90 % е евидентиран во:*
  - УК за физикална медицина и рехабилитација - Скопје
  - УК за максилофацијална хирургија - Скопје
  - Здравствен дом - Гостивар
  - Здравствен дом - Ресен
  - УК за државна кардиохирургија - Скопје
  - УК за нефрологија - Скопје
  - УК за психијатрија - Скопје
  - Здравствен дом - Делчево
  - Здравствен дом - Штип
  - Општа болница - Струмица
  - Здравствен дом - Пробиштип

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2022 година над 80 % е евидентиран во:*
  - Здравствен дом - Крива Паланка
  - Здравствен дом - Струга
  - УК за урологија - Скопје
  - Општа болница - Охрид

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2022 година над 70 % е евидентиран во:*
  - УИ за радиологија - Скопје

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2022 година над 60 % е евидентиран во:*
  - Здравствен дом - Демир Хисар
  - Здравствен дом - Велес
  - Општа болница болница со проширена дејност - Дебар

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2022 година над 50 % е евидентиран во:*
  - Општа болница - Струга
  - Центар за јавно здравје - Скопје
  - Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо“ - Охрид

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2022 година под 50 % е евидентиран во:*
  - Институт за јавно здравје - Скопје

(*прилог табели на страна 24-26)*

При извршените целосни финансиски контроли во 24 (дваесет и четири) ЈЗУ во текот на 2022 година, кај 11 (единаесет) ЈЗУ се евидентирани неправилности во благајничкото работење и дадени се 23 (дваесет и три) препораки за нивно надминување и тоа:

- УК за максилофацијална хирургија - Скопје, 1 препораки
- Здравствен дом - Струга, 1 препорака
- УК за урологија - Скопје, 1 препорака
- УК за државна кардиохирургија - Скопје, 1 препорака
- Клиничка болница - Тетово, 3 препораки
- Здравствен дом - Демир Хисар, 5 препораки
- Институт за јавно здравје - Скопје, 1 препорака
- Општа болница - Струга, 3 препораки
- Здравствен дом - Штип, 1 препорака
- Општа болница со проширена дејност - Дебар, 5 препораки
- Здравствен дом - Пробиштип, 1 препорака

При контролите констатирани се набавки на лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување, на кој министерот за здравство дава согласност, но за истите ЈЗУ нема обебедено претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот и тоа во седниве ЈЗУ:

- Здравствен дом - Гостивар - од увидот во лагер листа-артикли по лотови за 2021 година, констатирани се набавки на лекови што не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување, на кој министерот за здравство дава

согласност (Buscolamin, Eglonyl, Nevofam, Prodex, Selovita), за кои не е обезбедена претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот.

- Здравствен дом - Струга - има извршено набавка на caps.Eglonyl 30 mg. , кој не е на позитивна листа. Набавката е извршена за потребите на пациенти кои се на отслужување на затворска казна во затворот во Струга, без обезбедено согласност за набавката од ФЗОРСМ и Министерство за здравство.

- УК за државна кардиохирургија - Скопје - набавувани се лекови кои не се на позитивна листа и за истите не е дадена на увид Согласност за набавка од ФЗОРСМ.

- УК за нефрологија - Скопје - од увидот во материјалната евиденција на лекови кои ги набавила ЈЗУ во 2020, 2021 и 2022 година констатирани се набавки на лекови кои не се на Позитивната листа на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОРСМ. На контролата не и беа дадени на увид согласности од Министерство за здравство и од ФЗОРСМ, согласно член 9 од Законот за здравствено осигурување за гореневедените лекови за 2020,2021 и 2022 година.

- УК за психијатрија - Скопје - од увидот во материјалната евиденција, констатирани се набавки на лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување, на кој Министерот за здравство дава согласност. Согласно членот 9 од Законот за здравствено осигурување, јавните здравствени установи овие лекови ги набавуваат по претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување. Од ЈЗУ Клиника за психијатрија, на контролата не и беше дадена на увид таква согласност.

- Клиничка болница - Тетово - од увидот во евиденцијата на лековите, констатирани се набавки на лекови кои не се на Листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување, на кој министерот за здравство дава согласност. Согласно член 9 од Законот за здравствено осигурување, јавните здравствени установи овие лекови ги набавуваат по претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување. На контролата не и се дадени на увид согласности од Министерство за здравство и од Фондот за здравствено осигурување, за набавка на лекови што не се на Листата на лекови (појаснето е дека не се барани такви согласности).

- Општа болница - Струга - врз основа на лагер листа за 2022 година ЈЗУ има набавка на лекови кои не се на позитивна листа на лекови што не е во согласност со член 9 од ЗЗО. За набавки на лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот, јавните здравствени установи треба да обезбедат претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот, согласно член 9 од Законот за здравствено осигурување.

- Општа болница - Струмица - врз основа на лагер листа за 2022 година ЈЗУ има набавка на лекови кои не се на позитивна листа на лекови што не е во согласност со член 9 од ЗЗО. За набавки на лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува

Фондот, јавните здравствени установи треба да обезбедат претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот, согласно член 9 од Законот за здравствено осигурување.

- Општа болница со проширена дејност - Дебар - врз основа на лагер листа за 2022 година ЈЗУ има набавка на лекови кои не се на позитивна листа на лекови што не е во согласност со член 9 од ЗЗО. За набавки на лекови кои не се на листата на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот. Јавните здравствени установи треба да обезбедат претходна согласност од Министерството за здравство и Фондот, согласно член 9 од Законот за здравствено осигурување.

При контрола на постапки за јавни набавки по случаен избор, констатирани се неправилности при спроведувањето на јавните набавки во повеќето јавни здравствени установи и тоа:

- Плановите за јавни набавки не се изработуваат согласно Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки:
  - УК за максилофацијална хирургија - Скопје
  - Институт за јавно здравје - Скопје

- кај 12 (дванаесет) ЈЗУ констатирани се *набавки без спроведена постапка за јавна набавка, чиј вкупен износ го надминува дозволениот вкупен месечен лимит од 1.000 евра*, во денарска противвредност, без ДДВ.
  - УК за максилофацијална хирургија - Скопје
  - Здравствен дом - Крива Паланка
  - Здравствен дом - Ресен
  - Здравствен дом - Струга
  - УК за државна кардиохирургија - Скопје
  - УК за психијатрија - Скопје
  - Здравствен дом - Делчево
  - Здравствен дом - Демир Хисар
  - Општа болница - Струга
  - Здравствен дом - Велес
  - Центар за јавно здравје - Скопје
  - Здравствен дом - Пробиштип

- кај 9 (девет) ЈЗУ *не се спроведуваат соодветни постапки за јавни набавки за стоки и услуги, иако за истите ЈЗУ има континуирана потреба и нивниот вкупен износ во текот на годината го надминува износот од 1.000 евра,* во денарска противвредност, без ДДВ.
  - УК за максилофацијална хирургија - Скопје
  - Здравствен дом - Струга
  - УИ за радиологија - Скопје
  - Клиничка болница - Тетово
  - Здравствен дом - Делчево
  - Институт за јавно здравје - Скопје
  - Општа болница - Струга
  - Општа болница - Струмица
  - Општа болница со проширена дејност - Дебар

Од извршените целосни финансиски контроли во 24 (дваесет и четири) ЈЗУ во 2023 година, кај 19 (деветнаесет) ЈЗУ се утврдени неправилности во делот на контролата на спроведувањето на постапките за јавни набавки, по случаен избор и дадени се препораки за нивно надминување, и тоа во следните ЈЗУ:

- УК за максилофацијална хирургија - Скопје
- Здравствен дом - Гостивар
- Здравствен дом - Ресен
- Здравствен дом - Струга
- УК за урологија - Скопје
- УИ за радиологија - Скопје
- УК за нефрологија - Скопје
- УК за психијатрија - Скопје
- Клиничка болница - Тетово
- Здравствен дом - Делчево
- Здравствен дом - Демир Хисар
- Институт за јавно здравје - Скопје
- Општа болница - Струга
- Здравствен дом - Велес
- Општа болница - Струмица
- Општа болница со проширена дејност - Дебар
- Центар за јавно здравје - Скопје
- Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо“ - Охрид
- Здравствен дом - Пробиштип

Од извршените целосни финансиски контроли во 24 (дваесет и четири) ЈЗУ во 2023 година, финансиските контролори евидентирале 289 (двеста осумдесет и девет) препораки, и тоа: на 7 (седум) ЈЗУ се дадени над 15 препораки, на 6 (шест) ЈЗУ бројот на евидентирани препораки е помеѓу 10 и 15 препораки и кај 11 (единаесет) ЈЗУ бројот на нотирани препораки е помалку од 10.

- *над 15 (петнаесет) препораки се евидентирани во овие ЈЗУ:*
  - УК за максилофацијална хирургија - Скопје (23 пр.)
  - УК за државна кардиохирургија - Скопје (16 пр.)
  - УК за психијатрија - Скопје (21 пр.)
  - Клиничка болница - Тетово (18 пр.)
  - Институт за јавно здравје - Скопје (29 пр.)
  - Општа болница Струга - (25 пр.)
  - Општа болница со проширена дејност - Дебар (21 пр.)

- *помеѓу 10* (десет) *и 15 (петнаесет) препораки се евидентирани во овие ЈЗУ:*
  - УК за нефрологија - Скопје (14 пр.)
  - Здравствен дом - Демир Хисар (11 пр.)
  - Општа болница - Струмица (14 пр.)
  - Општа болница - Охрид (10 пр.)
  - Центар за јавно здравство - Скопје (11 пр.)
  - Здравствен дом - Пробиштип (14 пр.)

- *помалку од 10 (десет) препораки се евидентирани во овие ЈЗУ:*
  - УК за физикална медицина и рехабилитација - Скопје (6 пр.)
  - Здравствен дом - Гостивар (7 пр.)
  - Здравствен дом - Крива Паланка (4 пр.)
  - Здравствен дом - Ресен (6 пр.)
  - Здравствен дом - Струга (5 пр.)
  - УК за урологија - Скопје (9 пр.)
  - УИ за радиологија - Скопје (7 пр.)
  - Здравствен дом - Делчево (5 пр.)
  - Здравствен дом - Штип (2 пр.)
  - Здравствен дом - Велес (3 пр.)
  - Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо“ - Охрид (8 пр.)

*Од контролираните 24 (дваесет и четири) ЈЗУ само во 1 (една) ЈЗУ се исполнети во целост дадените препораки од претходните целосна финанасиска контроли, (*Општа болница Струмица*). Во 12 (дванаесет) ЈЗУ се исполнети над 50% од препораки од претходните целосни финансиски контроли, во 1 (една) ЈЗУ се исполнети 50 % од препораките, а во 7 (седум) ЈЗУ под 50%.*

- *исполнети препораки над 50 % е евидентирано во следниве ЈЗУ:*
  - УК за физикална медицина и рехабилитација - Скопје
  - УК за максилофацијална хирургија - Скопје
  - Здравствен дом - Ресен
  - УК за урологија - Скопје
  - УИ за радиологија - Скопје
  - УК за нефрологија - Скопје
  - Здравствен дом - Демир Хисар
  - Општа болница - Струга
  - Општа болница - Охрид
  - Општа болница со проширена дејност - Дебар
  - Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо“ - Охрид
  - Здравствен дом – Пробиштип

- *исполнети 50 % од препораки е евидентирано во следниве ЈЗУ:*
  - Здравствен дом - Гостивар

- *исполнети препораки под 50 % е евидентирано во следниве ЈЗУ:*
  - Здравствен дом - Крива Паланка
  - Здравствен дом - Струга
  - УК за психијатрија - Скопје
  - Клиничка болница - Тетово
  - Здравствен дом - Делчево
  - Институт за јавно здравје - Скопје
  - Центар за Јавно здравје - Скопје

Напомена:

* ЈЗУ Здравствените домови Штип и Велес, нема препораки во претходната финансиска контрола.

** ЈЗУ Центар за Јавно здравје - Скопје од вкупно 12 (дванаесет) препораки од претходна целосна финансиска контрола исполнила само 1 (една) препораки;

*** УК за државна кардиохирургија – Скопје не ја исполнил препораката дадена во Извештајот од предходната контрола на Установата.

Од извршените финансиски контроли во ЈЗУ во текот на 2023 година во делот на контрола на пресметана и исплатена плата се евидентирани следниве случаи:

Платата не се пресметува и исплаќа согласно Спогодбата за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност, т.е. во **ЈЗУ Центарот за јавно здравје - Скопје** основната плата се пресметува со вредност на бодот од 17.892 денари, наместо 15.499 денари согласно Спогодбата.

Во текот на контролата на плати се констатира дека во ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје се донесени уште 2 (два) Анекси за изменување и дополнување на ПКД на ЈЗУ Центар за Јавно здравје - Скопје и тоа со бр. 02-2612/4 од 14.06.2023 година во член 115 во кој се утврдуваат и менуваат коефициентите за плата почнувајќи од месец 03/2023 година и Анекс за изменување и дополнување на ПКД бр. 02-4911/6 од 28.11.2023 година со кој најниската плата за одделни степени на сложеност се утврдува така што најниската плата во ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје од 19.681 денари за најнизок степен на сложеност се множи со коефициентите за одделни степени на сложеност, а почнувајќи од месец септември 2023 година, наместо 15.499 денари согласно Спогодбата.

Во ЈЗУ Центар за Јавно здравје - Скопје се применува Поединечниот Колективен договор број 02-283/3 од 05.02.2010 година и на Анексите за дополнување на поединечниот Колективниот договор на ЈЗУ Центар за Јавно здравје - Скопје, склучени помеѓу Претседателот на У.О. на ЈЗУ Центар за Јавно здравје - Скопје и Синдикалната организација на ЈЗУ ЦЈЗ на РМ. На контролата не и беа дадени на увид Овластување за ЈЗУ, од страна на Министерство за здравство, ниту пак овластување од гранковиот синдикат за синдикатот на ЈЗУ, за потпишување на ПКД и Анексот, кои ги применува ЈЗУ.

ЈЗУ не ги почитува Коефициентите за пресметка на плата кои се уредени во Колективниот договор склучен помеѓу Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ и Министерство за здравство кој го опфака и Центарот за јавно здравје (доколку ПКД на ЈЗУ е без Согласност од МЗ и Овластување од гранковиот синдикат).

Од финансиските контроли на пресметана и исплатена плата во 2023 година, евидентирани се следниве случаи на пресметка на додатоците на плата:

- <u>УК за физикална медицина и рехабилитација - Скопје</u>
  на главната медицинска сестра на ЈЗУ е доделен додаток за услови за работа во коефициент во износ од 0,144. Согласно член 3 од Колективниот Договор за Здравствена Дејност на главната медицинска сестра на Универзитетски Клинички Центар, Универзитетски Институти, Универзитетска Клиника, Институт, Болница за нега, болница (општа и специјализирана) и Центар и се утврдува плата во вкупен коефициент

од 3,400 (Службен Весник на РСМ број 1 од 2020 година односно член 2 од Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор кој гласи ”Во член 11 став 3 бројот 3,400 се заменува со бројот 3,600, а бројот 3,250 се заменува со бројот 3,450”).

- УК за максилофацијална хирургија - Скопје

  1. При пресметувањето на плата на одговорното лице се пресметува додаток по основ услови на работа.
  2. При пресметувањето на плата на главната медицинска сестра се пресметува додаток по основ услови на работа и додаток за работа ноќе.
  3. При пресметувањето на додатокот плата на здравствен работник со ССС и на помишно технички персонал, за работа во денови на празници, часовите на работа се зголемени за 102% наместо за 42%.

- Здравствен дом - Крива Паланка

  1. Констатирано е пресметување и исплата на надоместок за приправност без остварен повик и ангажирање за исти саати за кои се пресметува и исплаќа надоместок за приправност за остварен повик и ангажирање (за саатите кога е повикано и ангажирано лицето се пресметува и надоместок за приправност без остварен повик и ангажирање).
  2. На главна медицинска сестра во ЈЗУ и се исплаќа 8% пасивна приправност за вкупно ефективни часови (176).

- УИ за државна кардиохирургија - Скопје

  1. На главна медицинска сестра и се исплатува додаток за остварен повик (113%).
  2. Во контролираните пресметки на плата на медицински директор и наставен кадар констатирано е дека основицата за пресметување на додатокот за услови за работа е утврдена врз основа на бројот на часовите евидентирани во пресметките (часови за наставен кадар).

- УИ за радиологија - Скопје

  1. На главниот радиолошки технолог со Решение бр. 04-240/1 од 26.05.2022 година покрај коефициентот на сложеност од 3,600 му се утврдени и услови за работа од 4% и коефициент за раководење од 0,250.
  2. На Дипл. радиолошки технолог со Решение бр. 04-4/26 од 12.02.2020 година не му е утврден додаток за раководење, а додека во исплатната листа за плата за 12/2022 година му се пресметува и исплаќа додаток за раководење со коефициент 0,110.

- УИ за психијатрија - Скопје

  1. Зголемена е основната плата на главна медицинска сестра во ЈЗУ за работа во услови потешки од нормалните и се пресметува надоместок за приправност за остварен повик и ангажирање.

  2. ЈЗУ на хигиеничарот во медицински простории не им пресметува и исплаќа додаток за услови за работа во процент од 2,5 % од основниот коефициент согласно ПКД. Сличен е случајот и со останатите лица од помошно технички персонал и административен персонал, кои имаат допир со душевно болни лица.

- Клиничка болница - Тетово

  1. Во контролираните исплатни листи на здравствен работник со ВСС и ССС (медицински сестри) и помошно технички персонал констатирано е дека за работа во недела се пресметува додаток 150%.

  2. Констатирано е пресметување и исплата на надоместок за приправност со остварен повик во износ од 113% во исплатните листи на доктори. На контролата и е даден на увид "Извештај за работа повикани за ДРГ" (табела со дати, случаи, време, име и презиме на повикани доктори, потпис на повикан и потпис на претпоставен). Во колоната потпис на повикан има само рачно внесен вкупен број на часови од колоната време по доктор. На контролата не и е дадено појаснување од страна на ЈЗУ за начинот на пресметување на саатите за овој надоместок за приправност.

- Здравствен дом - Демир Хисар

  На главната медицинска сестра освен коефициентот на сложеност 3,450 за главна медицинска сестра и се исплаќа и додатоци на плата за работа во служба на ИМП, ноќна работа, работа во празник, работа во недела и активна приправност. Согласно Член 73-а на главната медицинска сестра на поликлиника и здравствен дом се утврдува плата во вкупен коефициент од 3,450 со што сите додатоци се содржани во дадениот коефициент.

- Општа болница - Струга

  1. Доделувањето на надоместокот за услови за работа не е во согласност со член 1 од Колективниот договор за изменување и дополнување на колективниот догвор за здравствена дејност на Р.М (Службен весник на Р.М бр.88 од 2009 година).

  2. На главната медицинска сестра на ЈЗУ е доделен додаток за услови за работа во коефициент во износ од 4,8% и за раководење во износ од 0,18%.

  3. На административниот работник Ч.В му е доделен коефициент за услови за работа во износ 0,80%.

- Општа болница - Охрид

  1. На главната медицинска сестра и се пресметува додаток по основ на услови за работа од 4,8 % по основ на Одлуката на У.О. бр. 02-807/1 од 02.11.2020 година за сите здравствени работници и помошно технички персонал кои се ангажирани во Ковид одделенијата при ЈЗУ Општа болница - Охрид, потпишана од ВД Директорот. На главната медицинска сестра, главниот медицински лаборант, главниот рентген технолог, главен физиотерапевт и главен забен техничар на универзитетски клинички центар, универзитетски институт, универзитетски клиники, болница за нега, болница (општа, специјализирана и клиничка) и центар се утврдува плата во вкупен коефициент од 3,600 согласно Колективниот Договор за здравствена дејност.

  2. Во одредени одделенија после дежурство (интерно, гинекологија, невропсихијатрија) се користат два и повеќе слободни денови со што не се исполнува предвиденото работно време од 36 до 40 работни часови во неделата, односно воспоставена е пракса дел од работното време да се реализира преку 10 часовно до 24 часовно дежурство, по што се користат повеќе слободни денови, а часовите поминати на дежурство се сметаат како часови поминати во полно редовно работно време.

Ваквата пракса овозможува определени вработени да не остварат ни полно работно време, а притоа им се исплатени плата за редовно работно време и надоместок за дежурство.

3. Надоместокот за услови за работа од 4,8% е донесен врз основа на Одлука бр.02-807/1 од 02.11.2020 година за сите здравствени работници и помошно технички персонал кои се ангажирани во Ковид одделенијата при ЈЗУ Општа болница - Охрид, потпишана од ВД Директорот. Поради што Пандемијата од Ковид е завршена треба да се укине Одлуката бр.02-807/1 од 02.11.2020 година за сите здравствени работници и помошно технички персонал кои се ангажирани во Ковид одделенијата при ЈЗУ Општа болница - Охрид, надоместокот за услови за работа треба да се пресметува согласно Колективниот Договор за поодделни работни места.

- Општа болница со проширена дејност - Дебар

  ЈЗУ на Доктор-Специјалист Раководител му исплаќа 3.000 ден. во бруто износ што не е во согласност со колективниот договор во здравствена дејност.

- Центар за Јавно здравје - Скопје

  Од извршената споредба помеѓу елементите за пресметување на плата во ЈЗУ и Колективниот договор за здравствена дејност постои неусогласеност во: додаток за услови на работа (ЈЗУ се применува процент на пр. од 5% и 6% кој не е во согласност со определените проценти од КД за здравствена дејност објавени во Сл.весник број 88 од 2009 година.

- Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо“ – Охрид

  При пресметувањето на плата на одговорното лице се пресметува додаток по основ услови на работа.

- Здравствен дом - Пробиштип

  Констатирано е дека за часовите во кои е остварен повик и ангажирање и за кои е пресметан надоместок, за истите е пресметан и надоместок за приправност без остварен повик и ангажирање. Контролата не може со сигурност да се произнесе за исправноста на овој начин на пресметување на приправност со и без остварен повик и ангажирање.

Пресметувањето и исплатата на додатоците на плата се врши врз основа на просечниот број на работни саати во годината (во конкретниот случај 174/176 саати), а не за работните саати во месецот за кои се однесува платата:

- Здравствен дом - Велес (исто така, ЈЗУ при пресметување на сатнина на надоместокот на приправност без остварен повик и ангажирање ЈЗУ основната плата ја дели со 240 часа.)
- Општа болница - Струмица

При контролите извршени во 2023 година, евидентиран е случај во ЈЗУ, каде се пресметува и исплаќа додаток за дежурство, но на контролата не и е дадена на увид согласност од Министерство за здравство, за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност со работа со дежурство во:

- УК за максилофацијална хирургија - Скопје
- УК за државна кардиохирургија - Скопје
- УК за нефрологија - Скопје
- УК за психијатрија - Скопје
- Општа болница - Струмица

2. Наменски контроли

Наменските контроли се спроведуваат по барање на менаџментот на Фондот, по барање на Директор на Сектор во Фондот, раководител на подрачна служба или врз основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач, на осигурено лице и други надлежни институции, и како такви не се дел од Годишниот план за финансиски контроли.



Наменските контроли кои се извршени во периодот 01.01.2022 - 31.12.2022 година се презентирани во следната табела:

Ред. бр.	Контролирани здравствени установи и цел на наменската контрола	број на извршени контроли
2.1	*Предмет на контрола - контрола по анонимна преставка за неправилности во работењето во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци*	*1*
2.2	*Предмет на контрола - по барање на Државна комисија за спречување на корупција, а по барање на група вработени и пациенти во ЈЗУ Општа болница - Охрид*	*1*
2.3	*Предмет на контрола - исплатени средства за извршени операции од дополнителна дејност во ЈЗУ ГОБ 8-ми Септември - Скопје*	*1*
2.4	*Предмет на контрола - долгови и побарувања за 2022 година и до 31.05.2023 година во ЈЗУ УИ за клиничка биохемија - Скопје*	*1*
2.5	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје*	*1*

2.6	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за очни болести - Скопје*	*1*
2.7	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за гастроентерохепатологија - Скопје*	*1*
2.8	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за хематологија - Скопје*	*1*
2.9	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за ревталогија - Скопје (март - прва контрола)*	*1*
2.10	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за ревталогија - Скопје (март - втора контрола)*	*1*
2.11	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за ревталогија - Скопје (април)*	*1*
2.12	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за неврологија - Скопје*	*1*
2.13	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет во 2023 година во ЈЗУ УК за детски болести - Скопје*	*1*
2.14	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за психијатрија - Скопје*	*1*
2.15	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за уво, нос и грло - Скопје*	*1*
2.16	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на исплатени фактури од условен буџет за јануари, февруари и март 2023 година во ЈЗУ УК за максилофацијална хирургија - Скопје*	*1*
2.17	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола на лекови од условен буџет во ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје*	*1*
2.18	*Предмет на контрола - вонредна контрола на извршувањето на планирани здравствени услуги, определени по планот за специфицен вид и обем (условен буџет) во ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје*	*1*
2.19	*Предмет на контрола - контрола на извршени кардиохируршки услуги и фактури од почетокот на годината со вклучени извршени услуги во месеците јуни-јули-август 2023 година во ЈЗУ УК за кардиологија - Скопје*	*1*
2.20	*Предмет на контрола - вонредна контрола на извршувањето на планирани здравствени услуги, определени по планот за специфицен вид и обем (условен буџет) во ЈЗУ УК за детски болести - Скопје*	*1*
2.21	*Предмет на контрола - вонредна контрола на условен буџет и материјална евиденција за прием на лекови од условниот буџет врз основа на изадена Согласност од Фондот за период од 01.01.2023 год. до 31.10.2023 година во ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје*	*1*
2.22	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за пулмологија и алерголигија - Скопје*	*1*
2.23	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје*	*1*
2.24	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК очни болести - Скопје*	*1*

2.25	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК дерматологија - Скопје*	*1*
2.26	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ Здравствен дом - Скопје*	*1*
2.27	*Предмет на контрола - вонредна контрола на условен надоместок за 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 година во ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје*	*1*
2.28	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за државна кардиохирургија - Скопје*	*1*
2.29	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола за условен буџет по Одлука на УО на ФЗОРСМ со број 02-12382/8 од 21.06.2023 година во ЈЗУ ГОБ 8 - ми Септември - Скопје*	*1*
2.30	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК уво, нос и грло - Скопје*	*1*
2.31	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за урологија - Скопје*	*1*
2.32	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за токсикологија - Скопје*	*1*
2.33	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања - Скопје*	*1*
2.34	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје*	*1*
2.35	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за нефрологија - Скопје*	*1*
2.36	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за гастроентерохепатологија - Скопје*	*1*
2.37	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 години и контрола се однесува на контрола на фактурите од склучените договори за јавни набавки, исполнување на обврските кои произлегуваат од договорите, цените во фактури дали се во согласност со склучените договори, роковите на доспевање на фактуритево ЈЗУ Клиничка болница - Тетово*	*1*
2.38	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за психијатрија - Скопје*	*1*
2.39	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за очни болести - Скопје*	*1*
2.40	*Предмет на контрола - вонредна финансиска контрола условен буџет за 2023 година во ЈЗУ УК за неврологија - Скопје*	*1*
	Вкупно вонредни финансиски контроли	**40**

VI. Заклучок

Финансиската контрола на Фондот во текот на 2023 година успешно ги изведе поставените задачи и ги реализира активностите предвидени со Годишниот план за финансиски контроли.

Резултатите од финансиската контрола се:

- Увид на ЈЗУ во слабостите на своето финансиско работење кои треба да се отстранат за да се постигне поголема финансиска ликвидност и солвентност;

- Зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола во делот на раководење со постапките за јавни набавки и реализација на договорите, исплатата на обврските според доспевање и без преферерирање на добавувачи, пресметка и исплата на плата и додатоци од плата согласно Колективниот договор за здравствена дејност, начинот на ангажирање на лица со договор за дело итн.

Мај/Јуни, 2024 година

Изработиле:
М-р Бедри Мемети
Цвете Јовановска

Контролирал:
Снежана Ќовкароска - Шилоска

Согласен:
Миле Сугарев

Прилог 1: Табеларен преглед на констатирани неправилности во ЈЗУ од целосните финансиски контроли

1.1. Приказ на состојбата на долгови на 31.12.2021 и 31.12.2022 година

Ред. бр.	ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ	долгови на 31.12.2021	долгови на 31.12.2022	зголемување/ намалување
1	УК за физикална медицина и рехабилитација - Скопје	10.215.112	2.008.859	намалување
2	УК за максилофацијална хирургија - Скопје	1.916.019	1.893.823	намалување
3	Здравствен дом - Гостивар	544.192	237.244	намалување
4	Здравствен дом - Крива Паланка	2.184.355	700.451	намалување
5	Здравствен дом - Ресен	713.257	1.076.291	зголемување
6	Здравствен дом - Струга	137.493	20.165	намалување
7	УК за урологија - Скопје	48.358.907	60.284.305	зголемување
8	УК за државна кардиохирургија - Скопје	60.949.318	73.513.727	зголемување
9	УИ за радиологија - Скопје	21.587.374	32.207.418	зголемување
10	УК за нефрологија - Скопје	70.275.949	64.910.896	намалување
11	УК за психијатрија - Скопје	/	/	нема податок
12	Клиничка Битола - Тетово	84.480.663	46.986.441	намалување
13	Здравствен дом - Делчево	0	0	нема долгови
14	Здравствен дом - Демир Хисар	0	0	нема долгови
15	Институт за јавно здравје - Скопје	65.366.631	35.580.098	намалување
16	Општа болница - Струга	126.438.373	148.252.586	зголемување
17	Здравствен дом - Штип	0	0	нема долгови
18	Здравствен дом - Велес	0	0	нема долгови
19	Општа болница - Струмица	40.954.486	9.797.720	намалување
20	Општа болница - Охрид	202.670.871	195.663.304	намалување
21	Општа болница со проширена дејност - Дебар	23.685.205	12.972.032	намалување
22	Центар за јавно здравје - Скопје	18.262.314	9.217.722	намалување
23	Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо“ - Охрид	27.280.368	29.624.754	зголемување
24	Здравствен дом - Пробиштип	82.720	187.019	зголемување

1.2. Реализација по програми од Министерство за здравство

Ред. бр.	ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ	Фактурирано до МЗ	Реализирано
1	УК за физикална медицина и рехабилитација - Скопје	437.060	421.650
2	УК за максилофацијална хирургија - Скопје	1.380.040	1.312.080
3	Здравствен дом - Гостивар	456.304	395.624
4	Здравствен дом - Крива Паланка	2.620.140	591.614
5	Здравствен дом - Ресен	203.102	124.238
6	Здравствен дом - Струга	38.000	38.000
7	УК за урологија - Скопје	3.780.650	9.129.950
8	УК за државна кардиохирургија - Скопје	13.012.065	12.880.685
9	УИ за радиологија - Скопје	804.790	719.430
10	УК за нефрологија - Скопје	1.300.940	1.511.875
11	УК за психијатрија - Скопје	216.142	179.316
12	Клиничка Битола - Тетово	13.634.009	11.202.795
13	Здравствен дом - Делчево	342.967	226.687
14	Здравствен дом - Демир Хисар	272.672	159.490
15	Институт за јавно здравје - Скопје	31.522.400	35.165.371
16	Општа болница - Струга	3.003.201	3.408.867
17	Здравствен дом - Штип	944.582	289.538
18	Здравствен дом - Велес	1.428.356	442.918
19	Општа болница - Струмица	9.839.262	12.005.799
20	Општа болница - Охрид	8.718.354	8.816.845
21	Општа болница со проширена дејност - Дебар	1.466.059	1.466.059
22	Центар за јавно здравје - Скопје	9.556.104	7.719.204
23	Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо“ - Охрид	1.990.782	2.216.988
24	Здравствен дом - Пробиштип	200.930	75.444

1.3. Степен на пресметена и наплатена партиципација

Ред. бр.	ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ	Пресметана во 2022 год.	Наплатена во 2022 год.
1	УК за физикална медицина и рехабилитација - Скопје	5.674.850	5.285.212
2	УК за максилофацијална хирургија - Скопје	2.681.160	2.716.550
3	Здравствен дом - Гостивар	5.212.786	5.359.190
4	Здравствен дом - Крива Паланка	6.190.554	4.991.859
5	Здравствен дом - Ресен	3.694.594	3.504.948
6	Здравствен дом - Струга	742.440	634.896
7	УК за урологија - Скопје	5.965.100	5.014.871
8	УК за државна кардиохирургија - Скопје	1.088.576	1.665.400
9	УИ за радиологија - Скопје	20.638.880	14.933.387
10	УК за нефрологија - Скопје	3.869.210	3.554.476
11	УК за психијатрија - Скопје	10.540.294	10.540.294
12	Клиничка Битола - Тетово	нема податок	
13	Здравствен дом - Делчево	3.193.954	2.974.826
14	Здравствен дом - Демир Хисар	1.759.152	1.182.574
15	Институт за јавно здравје - Скопје	12.908.560	5.216.725
16	Општа болница - Струга	18.907.170	11.157.710
17	Здравствен дом - Штип	3.502.232	3.502.232
18	Здравствен дом - Велес	6.082.747	4.059.802
19	Општа болница - Струмица	17.432.535	17.112.670
20	Општа болница - Охрид	14.560.729	13.063.050
21	Општа болница со проширена дејност - Дебар	5.312.793	3.420.617
22	Центар за јавно здравје - Скопје	7.797.860	3.921.120
23	Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија ,,Св.Еразмо“ - Охрид	19.775.340	10.891.816
24	Здравствен дом - Пробиштип	2.178.082	2.135.083